**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ЈАВЕН ОГЛАС

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите пријавени кандидати на 3-тата и 4-тата обука за инвестиционо советување и 14-тата обука за работење со хартии од вредност дека првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност ќе се одржи во **Испитниот центар** на адреса **ул. Христо Смирненски бр. 30 ламела 1 – Просторија број 2** на следните датуми од испитниот календар :

## СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

**Модул 1**

**04.12.2015 година**

9:00-11:00 Регулатива за пазарот на капитал во РМ

11:00-13:00 Квантитативни методи и статистика

13:30-15:30 Економика

15:30-17:30 Анализа на финансиски извештаи

**Модул 2**

**11.12.2015 година**

9:00-11:00 Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент)

11:00-13:00 Анализа и вреднување на акциите

13:30-15:30 Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход

**Модул 3**

**18.12.2015 година**

9:00-11:00 Финансиски деривативи

11:00-13:00 Анализа на алтернативни инвестиции

13:30-15:30 Портфолио менаџмент

15:30-17:30 Етика, професионални стандарди и односи со клиенти

## СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Модул 1**

**04.12.2015 година**

9:00-11:00 Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија

**Модул 2**

**11.12.2015 година**

9:00-11:00 Акции

**Модул 3**

**18.12.2015 година**

9:00-11:00 Обврзници

Рокот за пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот на полагање за секој модул според испитниот календар. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува со пополнување на пријавата која може да се најде

на веб страната на Комисијата во делот - Обуки www.sec.gov.mk ) и доставување на истата во архивата на Комисијата или на следнава елетронска адреса ispiti@sec.gov.mk.

Кандидатот е должен половина час пред почетокот на испитот да биде присутен во Испитниот центар и да приложи на увид на овластените лица документи за лична идентификација.

Првиот дел од стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

**Ве известуваме дека прашањата за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се јавно објавени и истите Ви се достапни на следниот линк http://e-prasanja.mk.**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија**